Друштво за производство, трговија и услуги
ВЕТЕРИНАР ДОО експорт-импорт
Бр. 03-505
26.09 2013 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**

АХВ
АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**УП I бр.07-3869/2**
**23.09.2013 год**

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, решавајќи по барањето на ДПТУ ВЕТРИНАР ДОО експорт-импорт, ул. 7ми Ноември бр.75, Гевгелија со број 07-3869/1 од 16.09.2013 година, да се издаде одобрение **за вршење ветеринарно-здравствена дејност на објект ветеринарна служба на одгледувалиште** и запишување во регистарот за вршење на ветеринарно - здравствена дејност во Агенцијата за храна и ветеринарство на Р. Македонија, а врз основа на членовите 36 и 44 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 113/07, 24/2011 и 123/2012) и член 205 став 1 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Р. Македонија 38/2005) донесе

**РЕШЕНИЕ**

**На ДПТУ ВЕТРИНАР ДОО експорт-импорт, ул. 7ми Ноември бр.75, Гевгелија му се издава одобрение за вршење ветеринарно-здравствена дејност на објект ветеринарна служба на одгледувалиште " ВЕТРИНАР ДОО " на ул.Моински пат бб, Гевгелија и се запишува во регистарот на Агенцијата за храна и ветеринарство за вршење на ветеринарно здравствена дејност под реден број 316.**

**ДПТУ ВЕТРИНАР ДОО експорт-импорт, ул. 7ми Ноември бр.75, Гевгелија е должна да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство за секоја настаната промена во просторот, опремата и носителот на дејност во рок од 15 дена од настанувањето на промената.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ДПТУ ВЕТРИНАР ДОО, ул. 7ми Ноември бр.75, Гевгелија достави барање со број 07-3869/1 од 16.09.2013 година за добивање дозвола за вршење ветеринарно - здравствена дејност на објект ветеринарна служба на одгледувалиште на ул. Моински пат бб, Гевгелија.

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, постапувајќи по напред наведеното барање, а врз основа на утврдените факти од извршената контрола на објектот, констатирани од официјалниот ветеринар со записник број 07-821/2 од 17.09.2013 година и поднесените списи по предметот, оцени дека може да се издаде **решение за одобрување на објектот** и запишување во регистарот за вршење на ветеринарно-здравствена дејност во Агенцијата за храна и ветеринарство, а согласно Законот за ветеринарното здравство ("Службен Весник на Р. Македонија" бр.113/07) со измените, Правилникот за условите што треба да ги исполнува ветеринарската служба на одгледувалиште ("Службен Весник на Р. Македонија"бр.54/2008) поради што се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Административна такса по тарифен број 1 и 30 од ЗАТ е приложена кон барањето.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен при Влада на Р.М. во рок од 15 дена по приемот на ова решение.

Жалбата таксирана со 250,00 денари се доставува преку Агенцијата за храна и ветеринарство на Р. Македонија.

Решено во Агенцијата за храна и ветеринарство на под УП Iбр.07-3869/2 од 23.09.2013 година.

**Раководител на Сектор за здравствена заштита**
**и благосостојба на животните**
**Тони Киранџиски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за храна и ветеринарство
СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО ДО:
Ветеринарна служба на одгледувалиште __________.
Агенција за храна и ветринарство-Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните.
ПЕ на АХВ
Архива на АХВ

Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**

Друштво за производство, трговија и услуги
ВЕТЕРИНАР ДОО експорт-импорт
Бр. 03-533
10.10. 2013 год.
ГЕВГЕЛИЈА

АХВ
АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**УП I бр. 07-4464/2**
**01.10.2013 година**

Врз основа на член 40-а од Законот за ветеринарно здравство ( Службен весник на Р. Македонија број 113/2007,24/2011 и 123/2012 ) и член 205 од Законот за општа управна постапка, (Службен весник на Република Македонија 38/2005), а по поднесено барање број 07-4464/1 од 27.09.2013 година на Ветеринарна служба на одгледувалиште, ДПТУ „Ветеринар" ДОО Гевгелија, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОВЛАСТУВА Ветеринарната служба на одгледувалиште, ДПТУ „Ветеринар" ДОО Гевгелија** со регистерски број **316** за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните на ветеринарна служба на одгледувалиште, согласно членот 26 од Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на Република Македонија број 113/2007, 24/2011 и 123/2012).

**Образложение**

Агенцијата за храна и ветеринарство го разгледа барањето доставено од Ветеринарната служба на одгледувалиште, ДПТУ „Ветеринар" ДОО Гевгелија, заведено под архивски број 07-4464/1 од 27.09.2013 година.
Имено Агенцијата за храна и ветеринарство констатира дека на правниот субјект Ветеринарна служба на одгледувалиште, ДПТУ„Ветеринар" ДОО Гевгелија, а врз основа на утврдените факти од извршената контрола на објектот со записник од официјалниот ветеринар бр. 07-892 од 26.09.2013 година, може да му се издаде **решение за овластување** за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните на Ветеринарна служба на одгледувалиште. Со оглед на наведеното поради фактот дека се исполнети условите согласно одредбите од членот 26 од Законот за ветеринарно здравство, се донесе решение како во диспозитивот .

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен при Влада на РМ во рок од 15 дена по приемот на ова решение.
Жалбата таксирана со 250,00 денари се доставува преку Агенцијата за храна и ветеринарство на Р.Македонија.
Решено во Агенцијата за храна и ветеринарство под УП I бр. 07-4464/2 од 01.10.2013 година.

**Раководител на Сектор за здравствена заштита**
**и благосостојба на животните**
**Тони Киранџиски**

ДОСТАВЕНО ДО:
Ветеринарна служба на одгледувалиште о
Агенција за храна и ветеринарство-Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните
ПЕ на АХВ архива на АХВ

Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И
ВЕТЕРИНАРСТВО
08-7044/15
29. 10 2015 година
Скопје

ВЕТЕРИНАР ДОО експорт импорт
Бр. 03-668/9
26.10.2015 год.
Гевгелија

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/2007, 24/2011, 136/2011, 123/2012 и 154/2015), по претходно спроведен Јавен повик бр. 1/2015 за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животни се склучува

# Д О Г О В О Р

Помеѓу:

1. Агенцијата за храна и ветеринарство, со адреса: Трета Македонска бригада 20 – Скопје, Република Македонија, застапувана од Директорот **м-р Зоран Поповски** (од една страна како **НАРАЧАТЕЛ**) и

2. Ветеринарна служба на одгледувалиште **ДПТУ ВЕТЕРИНАР ДОО експорт-импорт Гевгелија,** ул.7-ми Ноември бр.75 Гевгелија, Гевгелија застапувана од Управителот **Вили Кичуков** (како **ИЗВРШИТЕЛ** од друга страна).

## I. Предмет на договорот

**Член 1**

Предмет на овој Договор е вршење на активности согласно Законот за ветеринарното здравство (Службен весник на РМ бр. 113/2007, 24/2011, 136/2011, 123/2012 и 154/2015), Законот за идентификација и регистрација на животните (Службен весник на РМ бр. 95/2012, 27/2014 и 149/2015), Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник на РМ бр. 149/2014), Годишната наредба за здравствена заштита на животните, како и други мерки за превенција и сузбивање на заразни болести кои ќе бидат наредени од страна на Нарачателот.

## II. Права и обврски на договорните страни

**Член 2**

Извршителот се обврзува да ги врши работите кои се предмет на овој договор на сопственото одгледувалиште.

**Член 3**

Извршителот се обврзува да ги задржи квалификациите согласно кои е овластен за вршење на јавни овластувања на сопственото одгледувалиште. За секоја промена од влијание за квалитетно извршување на предметот на овој договор Извршителот треба писмено да го извести Нарачателот во рок од седум дена од денот на промената.

**Член 4**

Извршителот се обврзува да:

- превзема мерки да бидат регистрирани сите животни на одгледувалиштето;
- ги извршува активностите кои се предмет на овој договор целосно, навремено, ефикасно, квалитетно и во согласност со пропишаните рокови согласно позитивните законски прописи;
- да ги обезбеди сите услови за непречено спроведување на активностите кои се предмет на овој договор;
- внесува податоци за сите извршени активности согласно методологијата на Информациониот Систем на Агенцијата за храна и ветеринарство најдоцна до 5-ти во месецот за претходниот месец.

**Член 5**

Нарачателот се обврзува навремено да ги обезбеди сите услови кои се во негова надлежност за непречено спроведување на активностите кои се предмет на овој договор.

**Член 6**

(1) Нарачателот врши контрола на спроведувањето на овој договор за вршењето на активностите од страна на Извршителот.

(2) Доколку Извршителот одбие или оневозможи контрола, Нарачателот има право веднаш еднострано да го раскине договорот со доставување на писмена изјава до Извршителот со отказен рок од 30 дена.

## III. Раскинување на договорот

**Член 7**

Покрај горенаведените случаи, Договорот може да биде еднострано раскинат од страна на Нарачателот и доколку Извршителот:

- не ги исполнува условите за вршење на ветеринарно-здравствена дејност согласно законските и подзаконските прописи;
- не ги почитува одредбите од овој договор; и
- не е во можност континуирано и без прекин да ги извршува активностите кои се предвидени со овој Договор.

## IV. Завршни одредби

**Член 8**

За работите кои што не се предвидени со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи (Службен весник на Република Македонија бр.18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009).

**Член 9**

(1) Договорните страни ќе настојуваат евентуалните спорови што ќе произлезат од извршувањето на овој договор да ги решаваат спогодбено.

(2) Доколку не се постигне спогодбено решавање на евентуалните спорови, во однос на споровите ќе решава Основниот суд Скопје 2 Скопје.

**Член 10**

(1) Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

(2) Овој договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци по 2 (два) за секоја договорна страна.

| ИЗВРШИТЕЛ | НАРАЧАТЕЛ<br>Агенција за храна и ветеринарство |
|---|---|
| Управител,<br>Вили Кичуков | Директор,<br>м-р Зоран Поповски |

ДПТУ ВЕТЕРИНАР ДОО експорт-импорт Гевгелија

Република Македонија, Агенција за храна и ветеринарство, Скопје